Уп. бр. 08-122

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено заеднички од Даимлер Трак АГ со регистрирано седиште на Фазаненвег 10, 70771 Лајнфелден-Ехтердинген-Германија, БЛЕКРОК ФАЈНЕНШАЛ МЕНАЏМЕНТ, Инц со регистрирано седиште на 40 Ист 52ра улица, Њу Јорк, NY 1022, Соединети Американски држави и НЕКСТЕРА ЕНЕРЏИ, ИНК со регистрирано седиште на 700 Јунiврс Булевар, Џуно Бич, FL 33408, Соединети Американски Држави доставено преку полномошник Божидар Милошевиќ, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 27.10.2022 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата кое се однесува на создавање на целосно функционално заедничко вложување кое ќе развие, изгради, финансира, поседува и управува со јавно достапна инфраструктура на точки/складишта за полнење на тешки електрични возила, автобуси и транспортни автобуси од страна на Даимлер Трак АГ со регистрирано седиште на Фазаненвег 10, 70771 Лајнфелден-Ехтердинген-Германија, БЛЕКРОК ФАЈНЕНШАЛ МЕНАЏМЕНТ, Инц со регистрирано седиште на 40 Ист 52ра улица, Њу Јорк, NY 1022, Соединети Американски држави и НЕКСТЕРА ЕНЕРЏИ, ИНК со регистрирано седиште на 700 Јунiврс Булевар, Џуно Бич, FL 33408, Соединети Американски Држави, или нивните поврзани друштва, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 20.09.2022 година, а дополнето на ден 07.10.2022 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација кое се однесува на создавање на целосно функционално заедничко вложување кое ќе развие, изгради, финансира, поседува и управува со јавно достапна

инфраструктура на точки/складишта за полнење на тешки електрични возила, автобуси и транспортни автобуси од страна на Даимлер Трак АГ со регистрирано седиште на Фазаненвег 10, 70771 Лајнфелден-Ехтердинген-Германија, БЛЕКРОК ФАЈНЕНШАЛ МЕНАЏМЕНТ, Инц со регистрирано седиште на 40 Ист 52ра улица, Њу Јорк, NY 1022, Соединети Американски држави и НЕКСТЕРА ЕНЕРЏИ, ИНК со регистрирано седиште на 700 Јунуврс Булевар, Џуно Бич, FL 33408, Соединети Американски Држави, или нивните поврзани друштва.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополнувањето и прилозите кон истото, го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

- **Даимлер Трак АГ** е со седиште во Лајнфелден-Ехтердинген, Германија е 100% зависно друштво на Даимлер Трак Холдинг АГ. Даимлер Трак АГ во меѓувреме од 1 февруари 2022 година е преименуван во Мецедес-Бенз Груп АГ кој има само удел без контрола од 30,01% од основната главнина на Даимлер Трак Холдинг АГ. Раздвојувањето е завршено на 9 декември 2021 година и како последица на оваа трансакција, Мерцедес-Бенз АГ и Даимлер Трак Холдинг АГ се одвоени претпријатија и со нивните активности - Мерцедес-Бенз АГ (патнички автомобили, комерцијални возила, и сродни активности) и Даимлер Трак АГ (лесни, средни и тешки камиони и автобуси и сродни активности).

Даимлер Трак АГ нема зависни друштва, подружници или претставништва во Северна Македонија. Даимлер Трак АГ е индиректно присутен во Северна Македонија преку својата главна деловна област – продажба на возила (камиони и автобуси), преку независен дистрибутер од трета страна.

- **БЛЕКРОК ФАЈНЕНШАЛ МЕНАЏМЕНТ, Инц** е душтво од САД со чии акции јавно, активно со давање на услуги на глобално инвестициско управување, управување со ризик и советодавни услуги на институции и клиенти на мало низ светот. БЛЕКРОК ФАЈНЕНШАЛ МЕНАЏМЕНТ, Инц управува со средства за сметка на институции и индивидуални инвеститори низ светот. Дополнително, преку БлекРок Солушнс друштвото нуди услуги за управување со ризик и советодавни услуги кои ја комбинираат експертизата на капиталниот пазар со системите и технологијата на БЛЕКРОК ФАЈНЕНШАЛ МЕНАЏМЕНТ, Инц.

БЛЕКРОК ФАЈНЕНШАЛ МЕНАЏМЕНТ, Инц нема регистрирано зависни друштва во Република Северна Македонија.

- **НЕКСТЕРА ЕНЕРЏИ, ИНК** е корпорација основана согласно законите на Државата Флорида, САД со канцеларијата и регистрирано седиште на Џуно Бич, Флорида, САД. НЕКСТЕРА ЕНЕРЏИ, ИНК, е едно од најголемите друштва за инфраструктура на електрична енергија со северна Америка и предводник во индустријата за обновливи извори на енергија.

НЕКСТЕРА ЕНЕРЏИ, ИНК нема регистрирано зависни друштва во Република Северна Македонија.

Заедничко вложување ќе биде лоцирано во САД и Канада и првенствено ќе развива, гради, финансира, поседува и управува со јавно достапна инфраструктура на точки/складишта за полнење на ТЕВ за долги дестинации и регионален транспорт по одредени коридори во

континенталните САД и Канада.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**